ФАКОМ АД, Скопје

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ФАКОМ АД - СКОПЈЕ ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.-31.12.2022 ГОДИНА

Март,2023

СОДРЖИНА

Финансиски резултати БИЛАНС НА УСПЕХ....4

Вкупен приход....5

Трошоци....7

БИЛАНС НА СОСТОЈБА....10

АКТИВА....10

ПАСИВА....11

ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ....13

**ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ**

Финансиската анализа се однесува на неревидираните финансиски резултати на ФАКОМ АД за период од 01.01.-31.12.2022 год. споредено со истиот период од минатата година. При изработката на анализата, дополнително се користат и интерни податоци за обемот на физичкото производство по еквивалентен тон (ЕТ) како и други интерни планови и анализи.

Во 2022 год. Друштвото оствари позитивен финансиски резултат или нето добивка во износ од 249.402 ден. споредбено со 2021 год. (908.126 ден.) е помала за -73%. Ова се должи пред се на бројните предизвици со кои се соочи нашата компанија како резултат на енергетската и економската криза и сето ова го промени целокупното деловно опкружување. Дел од склучените проекти поради предвидените рокови и термин плановите беа префрлени за реализација во 2022 година. Вкупните оперативни приходи во 2022 година изнесуваат 1.203.398.703 денари и истите се зголемени за +30% во однос на 2021 год. како резултат на зголемените приходи од странство и останатите приходи по основ на судски спор. Финасиските приходи во 2022 год. се зголемени за +86% во однос на 2021 г. како резултат на зголемените приходи врз основа на позитивните курсни разлики од работењето со неповрзани друштва. Вкупните приходи за 2022 г. се зголемени за +31% во однос на 2021 г. и изнесуваат 1.208.977.871 ден.

Приходите од продажба на добра и услуги во странство учествуваат со 80% во вкупните приходи , додека приходите од продажба во земјата учествуваат со 18% а останатите приходи учествуваат со 2%.

Во периодот од 01.01-31.12.2022 година Друштвото оствари вкупни расходи од 1.205.621.488 денари кои се за +30% поголеми во однос на 2021 година. Зголемувањето на расходите се должи на зголемување на цените на енергенсите и другите материјали за работење како резултат на енергетската криза, како и зголемување на трошоците за вработени и зголемени расходи од минати години.

Тековните средства во 2022 год. се зголемени за +12% во однос на 2021 год. како резултат на зголемените залихи на материјали и зголемените краткорочни финасиски средства (побарувања по дадени заеми). Нетековните стредства во 2022 г. се зголемени за +15% како резултат на зголемување на материјалните средства или зголемена инвестиција (купена хала).
Друштвото во текот на 2022 година го користеше краткорочниот револвинг денарски и девизен кредит од Комерцијална банка и долгорочен денарски кредит по договор за кредит бр. RM2017/634 од Халк Банка.

Оствареното производство на ниво на Факом АД во 2022 год. изразено во еквивалентни тони бележи зголемување за +5% во однос на 2021 год. а во однос на планот имаме намалување за -12%.

Во прилог е даден Билансот на успех:

## БИЛАНС НА УСПЕХ

**Биланс на успех**

| | денари | | % на пораст |
|---|---|---|---|
| | **31.12.2021** | **31.12.2022** | **2022/2021** |
| Приходи од продажба | 912.408.526 | 1.184.691.345 | 29,84% |
| Останати приходи | 10.966.950 | 18.707.358 | 70,58% |
| **Вкупен приход** | **923.375.476** | **1.203.398.703** | **30,33%** |
| | | | |
| Трошоци за материјали, енергија | 404.942.782 | 673.640.356 | 66,35% |
| Трошоци на вработени | 344.631.845 | 375.494.980 | 8,96% |
| Останати трошоци | 155.843.276 | 115.323.990 | -26,00% |
| **Вкупни готовински трошоци** | **882.325.863** | **1.164.459.326** | **31,98%** |
| **ЕБИТДА*** | **41.049.613** | **38.939.377** | **-5,14%** |
| | | | |
| Амортизација | 29.952.175 | 26.739.863 | -10,72% |
| **Оперативна добивка** | **11.097.438** | **12.199.514** | **9,93%** |
| | | | |
| Финансиски приходи | 2.995.216 | 5.579.168 | 86,27% |
| Финансиски расходи | 12.923.499 | 14.422.299 | 11,60% |
| **Добивка (загуба) пред оданочување** | **1.169.155** | **3.356.383** | **187,08%** |
| | | | |
| Данок на добивка | 261.029 | 3.106.981 | |
| **Нето добивка (загуба) од работење** | **908.126** | **249.402** | **-72,54%** |
| | | | |
| **Нето добивка (загуба)** | **908.126** | **249.402** | **-72,54%** |

* ЕБИТДА е профит пред камати, даноци и амортизација

*Извор: Финансиски извештаи и бруто биланси на друштвото*

Билансот на успех е прикажан во облик посебно да ја изразува добивката пред камати, даноци и амортизација, за да можат да се елиминираат ефектите од неготовинските трошоци врз работењето на друштвото.

Учеството и структурата на вкупните приходи на Друштвото е прикажано во следната табела:

| Структура на приходи | денари 31.12.2021 | денари 31.12.2022 | % на пораст 2022/2021 |
|---|---|---|---|
| Приходи од продажба на добра (производи) и услуги во земјата | 313.836.709 | 172.318.925 | -45,09% |
| Приходи од продажба на добра (производи, стоки) и услуги во странство | 545.728.609 | 966.717.707 | 77,14% |
| Приходи од продажба на материјали, резервни делови и отпадоци | 52.258.567 | 45.070.154 | -13,76% |
| Приходи од наемнина | 584.642 | 584.559 | -0,01% |
| Приходи од вредносно усогласување на материјалните средства | | | |
| Приходи од вредносно усогласување на краткорочни побарувања | | | |
| Приходи од наплатени отпишани побарувања и приходи од отпис на обв | 123.686 | 375.894 | 203,91% |
| Приходи од продажба на добра (стоки) во земјата | | | |
| Добивки од продажба на нематеријални и материјални средства | | 264.000 | #DIV/0! |
| Приходи од премии, субвенции | 8.036.752 | 9.334.962 | 16,15% |
| Останати приходи од работењето | 2.806.513 | 8.732.502 | 211,15% |
| **Вкупни приходи од работењето (оперативни приходи)** | **923.375.478** | **1.203.398.703** | **30,33%** |

*Извор: Финансиски извештаи и бруто биланси на друштвото*

***Физичко извршување изразено во еквивалентни тони на ФАКОМ АД***

Факом АД

| ПРЕГЛЕД на физичко извршување 01-12/2022 во ЕТ | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вид на производ | месечно 2022 | | | | | | | | | | | | Кумулатив во ЕТ | | | % | |
| | месец | 01 | 02 | 03 | 04 | 05 | 06 | 07 | 08 | 09 | 10 | 11 | 12 | 2022 01-12 | План 2022 | 2021 01-12 | 2022 /план | 2022/ 2021 |
| 1 | Челична конструк. | 505 | 470 | 583 | 526 | 598 | 464 | 600 | 560 | 360 | 553 | 497 | 553 | 6.269 | 6.810 | 5.766 | 92% | 109% |
| 2 | Опрема | 19 | 113 | 138 | 211 | 139 | 162 | 95 | 124 | 197 | 176 | 165 | 106 | 1.645 | 3.047 | 1.704 | 54% | 97% |
| 3 | Профилиран лим | 1 | 2 | 2 | 3 | 4 | 4 | - | - | - | - | - | - | 16 | 167 | 15 | 10% | 104% |
| 4 | Носачи | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 0 | 3.398 | 103 | 0% | |
| 5 | Конфекционирање | - | - | - | | | - | - | - | - | - | - | - | 0 | 367 | 1 | 0% | 0% |
| 6 | Ламели | - | - | 4 | - | | - | - | - | - | - | - | - | 4 | - | 88 | - | |
| 7 | Услуги | 861 | 1.252 | 1.072 | 583 | 814 | 879 | 747 | 807 | 1.204 | 804 | 1.017 | 804 | 10.844 | 7.171 | 10.415 | 151% | 104% |
| 8 | Цевоводи | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 0 | - | 0 | - | |
| 9 | Плаштови и кров за резервоар | - | - | / | 38 | 70 | 38 | - | - | - | - | - | - | 153 | 348 | 0 | - | |
| 10. | Еднostran покрив. | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | - | 0 | - | 0 | | |
| | ВКУПНО | 1.386 | 1.837 | 1.806 | 1.361 | 1.625 | 1.547 | 1.442 | 1.491 | 1.761 | 1.533 | 1.679 | 1.463 | 18.930 | 21.308 | 18.093 | 89% | 105% |

Поради различноста на производите, како и избегнување на упросечувањето преку еквивалентни тони, остварените резултати на полето на физичкиот обем ќе ги разгледаме преку остварувања на носечките производни работни единици – РЕ Производство и РЕ Монтажа.

Остварениот физички обем во **РЕ Производство** во 2022 г. изнесува 9.237 екв.тон. Споредено со планираната количина (10.932 ет) оствареното производство е намалено за ( -15%), а во однос на лани истиот период производството е зголемено за +6% или +482 ет повеќе.

Во структурата на оствареното производство во 2022 год. доминира челичната конструкција со 6.269 ет или 66% учество во вкупните производи наспроти во 2021 год. (5.766 ет) со 60 % учество или за +9% имаме зголемување во 2022/2021 год.

Втора по застапеност со 1.645 екв.тон. е опремата која зафаќа 18% од вкупното производство, за разлика од лани каде истата учествувала со 19% во вкупното производство. Во однос на 2021 година (1.705 ет) опремата е намалена за -3%.

На овие два производа отпаѓа 84% од вкупното производство. Трет производ по застапеност во оваа година се услугите со 1.362 ет и завземаат 15% од вкупното производство. Во однос на 2021 год. имаме намалување за -14%. Останатите производи се ламели, профилиран лим и плаштови.

Поголеми ангажмани и испораки во 2022, РЕ Производство оствари за следните комитенти: Финкантиери Италија (3223 тони), Векома (714 тони), Спрингер (663 тони), Феромонт Опрема (130 тони), Црнагорапут (120 тони),Шарцем Косово (15 тони), Киметал Италија (1.772 тони) и останати.

Ако ја анализираме остварената продуктивност ќе забележиме дека просечната потрошувачка на норма часови за производство на 1 екв. тони изнесува 37,48 часа т.е. имаме зголемена продуктивност за +7% во однос на минатата година (40,38 часа/ет). Имено овие вредности претходните години изнесуваа- од 39,2 нч/ет. остварени во 2012 , 38,8 Нч/ет. остварени во 2013, 37,3 норма часови во 2014 година за да во 2015 година потрошувачката достигне 36 нч/екв.тон , 2016 год. изнесуваше 38,85 нч/ет.,2017 год. (37,54 нч/ет),2018 год. (34,36 нч/ет), 2019 (40,06 нч/ет), 2020 (36,99 нч/ет), 2021 (40,38 нч/ет). Во 2022 година за оствареното производство беа потрошени вкупно 346.199 часа или -2% помалку часови во однос на 2021 година, додека во однос на планот потрошеното време е помало за -17% .

Просечниот број на вработени во 2022 е намален за -30 работника во однос на 2021г, или за -5% додека во однос на планот бројот на вработени е намален за -5 лица. Во рамките на производните часови направени се вкупно 54.823 прекувремени часови што значи повеќе за +16% во однос на 2021 г. или во апсолутна бројка (+7.511), додека на ниво на РЕ Производство исплатени се вкупно 83.839 прекувремени часови за разлика од 2021 год. (69.347 прекувремени часови).

**РЕ Монтажа** во 2022 г. оствари 9.693 екв.тон. што претставува зголемување за +4% или за +354 ет повеќе од 2021г.

Во структурата на производството во 2022г. во РЕ Монтажа и понатаму најдоминантно место имаат услугите со 9658 екв.т. со зголемување од +9% во однос на претходната година.

Остварената продуктивност во 2022 г. покажува дека за производство на 1 екв.тон во РЕ Монтажа потрошени се 17,18 часа или за се совпаѓа со планираните 18 часа /е.т во Бизнис планот за 2021 г.

Во изминатата 2022 г. во РЕ Монтажа потрошени се вкупно 166.476 часа што значи во однос на 2021 г. бројот на производни часови е приближно ист .

Истовремено бројот на вработените во РЕ Монтажа е за -4% намален во однос на 2021 г.

Исплатените прекувремените часови на ниво на РЕ во 2022 год. изнесуваат 60.304 часа или зголемени за +1304 часа во однос на 2021 г. (59.000 прекувр. часа).

## Вкупни трошоци

Нефинансиските трошоците (расходи од работењето) на ниво на ФАКОМ АД вклучувајќи ја и амортизацијата изнесуваат 1.191.199.189 денари или за +31% се зголемени во однос на минатата година. Процентот на зголемување и намалување кај поединечните нефинансиски трошоци може да се види пооделно по категорија на трошоци :

- Трошоците на продажба се зголемени за +35%
- Трошоците за дистрибуција се зголемени за +13%
- Административните трошоци се зголемени за +13%
- Другите оперативни трошоци се зголемени за +98%

*Табела 1: Структура на трошоци за продажба на ФАКОМ АД*

| | денари | | % на пораст |
|---|---|---|---|
| **Трошоци на продажба** | **31.12.2021** | **31.12.2022** | **2022/2021** |
| Трошоци за суровини и материјали (за производство) | 344.506.217 | 574.418.807 | 66,74% |
| Трошоци за енергија (за производство) | 46.768.374 | 82.202.978 | 75,77% |
| Трошоци за резервни делови и материјали за одржување (за производс | 6.098.156 | 9.151.280 | 50,07% |
| Трошоци за ситен инвентар, амбалажа и автогуми (за производство) | 4.151.626 | 2.186.938 | -47,32% |
| Надворешни услуги за изработка на добра и извршување на услуги (за і | 44.132.543 | 10.253.376 | -76,77% |
| Услуги за одржување и заштита | 3.396.712 | 8.741.592 | 157,35% |
| Набавна вредност на продадени материјали, резервни делови и одпадо | | | |
| Набавна вредност на продадени добра(стоки) | | | |
| Плата и надоместоци на плата (за производство) | 213.604.347 | 217.373.857 | 1,76% |
| Трошоци за амортизација (за производство) | 27.786.063 | 25.248.743 | -9,13% |
| **Вкупно трошоци на продажба** | **690.444.038** | **929.577.571** | **34,63%** |

*Табела 2: Структура на трошоци на дистрибуција на ФАКОМ АД*

| | денари | | % на пораст |
|---|---|---|---|
| **Трошоци за дистрибуција** | **31.12.2021** | **31.12.2022** | **2022/2021** |
| Транспортни услуги | 21.409.228 | 26.192.010 | 22,34% |
| Поштенски услуги, телефонски услуги и интернет | 1.157.336 | 1.145.507 | -1,02% |
| Трошоци за реклама, пропаганда, промоција и саеми | 1.928.859 | 136.920 | -92,90% |
| Дневници за службени патувања, ноќевања и патни трошоци | 1.066.841 | 1.269.817 | 19,03% |
| Трошоци за репрезентација | 451.673 | 598.317 | 32,47% |
| **Вкупно трошоци на дистрибуција** | **26.013.937** | **29.342.571** | **12,80%** |

| | денари | | % на пораст |
|---|---|---|---|
| **Административни расходи** | **31.12.2021** | **31.12.2022** | **2022/2021** |
| Трошоци за енергија (за администрација, управа и продажба) | 3.140.133 | 4.806.351 | 53,06% |
| Трошоци за резервни делови и материјали за одржување (за администр | 232.213 | 471.918 | 103,23% |
| Трошоци за ситен инвентар, амбалажа и автогуми (за администрација, | 46.064 | 402.084 | 772,88% |
| Плата и надоместоци на плата (за администрација, управа и продажба | 107.935.458 | 112.688.506 | 4,40% |
| Останати трошоци за вработените | 9.179.329 | 13.757.285 | 49,87% |
| Трошоци за амортизација (за администрација, управа и продажба) | 2.166.112 | 1.491.120 | -31,16% |
| Надоместок на трошоци за вработените и подароци | 10.487.396 | 29.111.261 | 177,58% |
| Трошоци за надомест и др. примања на членови на управен и надзорен | 2.244.000 | 1.309.000 | -41,67% |
| Трошоци за спонзорства и донации | 336.000 | 165.000 | -50,89% |
| Трошоци за осигурување | 4.928.430 | 3.480.064 | -29,39% |
| Банкарски услуги и трошоци за платен промет | 3.269.496 | 4.457.373 | 36,33% |
| Даноци кои не зависат од резултатот, членарини и др. Давачки | 6.016.815 | 6.146.877 | 2,16% |
| Останати трошоци на работењето | 33.322.951 | 29.227.023 | -12,29% |
| **Вкупно административни расходи** | **183.304.397** | **207.513.862** | **13,21%** |

*Табела 3: Структура на административни расходи на ФАКОМ АД*

| Други оперативни расходи | денари 31.12.2021 | денари 31.12.2022 | % на пораст 2022/2021 |
|---|---|---|---|
| Наем - лизинг | 754.304 | 888.646 | 17,81% |
| Комунални услуги | 4.248.021 | 3.828.380 | -9,88% |
| Останати услуги | 7.127.529 | 8.483.071 | 19,02% |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на краткорочни побарувањ | | | |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на ост. Матер. С-ва | | | |
| Загуби врз основа на расходување и загуби од продажба на нематериј | 108.652 | 58.261 | |
| Кусоци, кало, растур, расипување и кршење | | 19.304 | |
| Расходи врз основа на директен отпис на побарувања | 60.728 | | -100,00% |
| Казни, пенали, надоместоци за штети и друго | 215.935 | | |
| Останати расходи од работењето | 498 | 11.487.523 | 2306631,53% |
| **Вкупно други оперативни расходи** | **12.515.667** | **24.765.185** | **97,87%** |
| | | | |
| **Вкупни трошоци (без финансиските расходи)** | **912.278.038** | **1.191.199.189** | **30,57%** |

ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ (ПЛАТИ И ДР.ТРОШОЦИ)

Во структурата на основните трошоци на компанијата покрај големото влијанието на потрошокот на суровини, втор по големина и влијание има и трошокот на средства за плати и други трошоци за вработените. За оваа намена во 2022 година потрошени се 372,93 мил. денари што претставува 31% од сите трошоци или за +9% се поголеми во однос на 2021 г.Најголемиот дел од овие трошоци се однесува за исплата на бруто плата. Имено во 2022 г. за исплатената бруто плата на ниво на компанијата по двата основа (за директни работници и администрација) изнесува 330.062.363 денари или за 3% поголеми од претходната година. За регрес се исплатени вкупно 11,2 мил. денари , за помош по разни основи и отпремнина 2,537 мил. ден., за терենски е исплатено 11,6 мил. ден., надомест за исхрана на вработените е исплатено 16,54 мил.ден. и др.

**Преглед на исплатена просечна нето плата**

| | | 2022 | | 2021 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ред. бр. | ФАКОМ АД | прос.бр.на враб. | просечна нето плата | прос.бр.на враб. | просечна нето плата | пр.нето плата 2022/2021% |
| 1 | РЕ Производство | 318 | 32.110 | 339 | 29.030 | 111% |
| 2 | РЕ Монтажа | 120 | 38.988 | 126 | 34.898 | 112% |
| 3 | РЕ Инженеринг | 28 | 40.382 | 28 | 37.144 | 109% |
| 4 | РЕ Логистика | 38 | 40.409 | 42 | 37.617 | 107% |
| 5 | РЕ Проект | 20 | 35.316 | 19 | 34.241 | 103% |
| | **Вкупно** | **524** | **34.850** | **554** | **31.599** | 110% |

Според видот на исплатата структурата е следна:

| Исплатена плата | прос.бр. на враб | 2022 год. | прос.бр. на враб | 2021 год. | 2022/2021 % |
|---|---|---|---|---|---|
| Производни | 366 | 217.373.857 | 397 | 213.602.661 | 102% |
| Режија | 158 | 112.688.506 | 157 | 107.935.458 | 104% |
| **Вкупно** | **524** | **330.062.363** | **554** | **321.538.119** | **103%** |

Структура на прекувремени часови :

| прекуврем.часови | 2022 год. | 2021 год. | % 22/21 |
|---|---|---|---|
| РЕ Производство | 83.839 | 69.347 | 121% |
| РЕ Монтажа | 60.304 | 59.000 | 102% |
| Останати | 9.752 | 7.350 | 133% |
| **вкупно** | **153.895** | **135.697** | **113%** |

БИЛАНС НА СОСТОЈБА

Активата за периодот од 01.01.-31.12.2022 год. изнесува 1.359.751.965 денари и е за +8% поголема во однос на истиот период од 2021 година.

| | денари | | % на пораст |
|---|---|---|---|
| **АКТИВА** | **31.12.2021** | **31.12.2022** | **2022/2021** |
| **А) ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА** | **177.415.583** | **204.698.166** | **15,38%** |
| Долгорочни финансиски средства | 3.450.819 | 3.471.319 | 0,59% |
| Нематеријални средства | 3.473.959 | 2.238.055 | -35,58% |
| Материјални средства | 170.490.805 | 198.988.792 | 16,72% |
| **Б) ТЕКОВНИ СРЕДСТВА** | **1.083.677.422** | **1.155.053.799** | **6,59%** |
| Залихи | 267.345.089 | 339.240.332 | 26,89% |
| Побарувања од купувачи | 198.020.577 | 161.165.440 | -18,61% |
| Други побарувања | 202.091.298 | 256.532.396 | 26,94% |
| Аванси | 14.935.295 | 6.664.143 | -55,38% |
| Пари и парични средства | 1.458.290 | 653.100 | -55,21% |
| АВР | 399.826.873 | 390.798.388 | -2,26% |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **1.261.093.005** | **1.359.751.965** | **7,82%** |

*Извор: Финансиски извештаи и бруто биланси на друштвото*

Структура на залихи:

| ЗАЛИХИ | денари 31.12.2021 | 31.12.2022 | % на пораст 2022/2021 |
|---|---|---|---|
| Суровини и материјали на залиха | 181.391.143 | 249.755.551 | 37,69% |
| Залиха на резервни делови | 85.953.946 | 89.484.781 | 4,11% |
| Ситен инвентар во употреба | 23.178.880 | 22.106.651 | -4,63% |
| Вредносно усогласување на залихи на ситен инвентар, амбалажа и автогуми | -23.178.880 | -22.106.651 | -4,63% |
| **Вкупно:** | **267.345.089** | **339.240.332** | **26,89%** |

Движењето на побарувањата од купувачите по години е како што следи:

| ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ | денари 31.12.2021 | 31.12.2022 | % на пораст 2022/2021 |
|---|---|---|---|
| Побарувања од купувачи во земјата | 134.919.496 | 79.195.486 | -41,30% |
| Побарувања од купувачи во странство | 66.220.478 | 85.028.315 | 28,40% |
| Вредносно усогласување на побарувањата од купувачи | -3.119.396 | -3.058.361 | -1,96% |
| **Вкупно:** | **198.020.578** | **161.165.440** | **-18,61%** |

*Извор: Финансиски извештаи и бруто биланси на друштвото*

Останатите побарувања се прикажани подолу во табелата:

| ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА | денари 31.12.2021 | 31.12.2022 | % на пораст 2022/2021 |
|---|---|---|---|
| Данок на додадена вредост | 9.111.396 | 21.646.775 | 137,58% |
| Побарувања за повеќе уплатени даноци на добивка, данок на вн | 382.557 | 334.449 | -12,58% |
| Побарувања од вработените за аконтации за службени патувањ | 93.917 | 330.427 | 251,83% |
| Побарувања по дадени заеми | 192.503.249 | 234.220.746 | 21,67% |
| **Вкупно:** | **202.091.119** | **256.532.397** | **26,94%** |

*Извор: Финансиски извештаи и бруто биланси на друштвот*

## ПАСИВА

Капиталот од пасивата на билансот на состојба е зголемен како резултат на зголемените тековни обврски и зголемување на долгорочните обврски.

Состојбата со пасивата на друштвото е прикажана во следната табела:

| | денари | | % на пораст |
|---|---|---|---|
| **ПАСИВА** | **31.12.2021** | **31.12.2022** | **2022/2021** |
| **А) КАПИТАЛ И РЕЗЕРВИ** | **523.158.945** | **514.428.848** | **-1,67%** |
| Запишан капитал | 180.825.369 | 180.825.369 | |
| Резерви | 79.018.470 | 79.947.097 | 1,18% |
| Акумулирана добивка/загуба | 262.406.980 | 253.406.980 | -3,43% |
| Нето тековна добивка/загуба | 908.126 | 249.402 | -72,54% |
| **Б) ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ** | | **49.031.759** | **#DIV/0!** |
| Заеми и кредити | | 49.031.759 | #DIV/0! |
| **В) ТЕКОВНИ ОБВРСКИ** | **737.934.061** | **796.291.359** | **7,91%** |
| Обврски спрема добавувачи | 457.816.519 | 514.675.671 | 12,42% |
| Обврски кон вработени | 25.156.532 | 25.846.025 | 2,74% |
| Тековни даночни обврски | 230.534 | 4.714.926 | 1945,22% |
| Обврски по заеми и кредити | 252.352.173 | 242.955.657 | -3,72% |
| ПВР | 670.934 | 310.500 | -53,72% |
| Други тековни обврски | 1.707.369 | 7.788.580 | 356,17% |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | **1.261.093.005** | **1.359.751.965** | **7,82%** |

*Извор: Финансиски извештаи и бруто биланси на друштвото*

| | денари | | % на пораст |
|---|---|---|---|
| **ТЕКОВНИ ОБВРСКИ** | **31.12.2021** | **31.12.2022** | **2022/2021** |
| Обврски спрема добавувачи во земјата | 304.728.580 | 325.129.860 | 6,69% |
| Обврски спрема добавувачи во странство | 19.785.395 | 18.693.995 | -5,52% |
| Обврски за примени аванси, депозити и кауции | 43.819.468 | 56.053.569 | 27,92% |
| Обврски за примени аванси, депозити и кауции од странство | 89.483.076 | 114.798.246 | 28,29% |
| **Вкупно** | **457.816.519** | **514.675.670** | **12,42%** |

*Извор: Финансиски извештаи и бруто биланси на друштвото*

| | денари | | % на пораст |
|---|---|---|---|
| **ОБВРСКИ СПРЕМА ВРАБОТЕНИ** | **31.12.2021** | **31.12.2022** | **2022/2021** |
| Обврски за даноци и придонеси на плата и надоместоци на плат | 8.441.001 | 8.662.278 | 102,62% |
| Обврски за плата и надоместоци на плата | 15.046.824 | 15.425.199 | 102,51% |
| Останати обврски спрема вработените | 1.668.707 | 1.758.548 | 105,38% |
| **Вкупно** | **25.156.532** | **25.846.025** | **2,74%** |

*Извор: Финансиски извештаи и бруто биланси на друштвото*

| КРЕДИТИ | денари 31.12.2021 | 31.12.2022 | % на пораст 2022/2021 |
|---|---|---|---|
| Долгорочни обврски по заеми и кредити | | 49.031.759 | |
| Краткорочни обврски по заеми и кредити | 252.352.173 | 242.955.657 | -3,72% |
| **Вкупно** | **252.352.173** | **291.987.416** | **15,71%** |

*Извор: Финансиски извештаи и бруто биланси на друштвото*

## ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ

| Финансиски показатели | 2021 | 2022 | % на пораст 2022/2021 |
|---|---|---|---|
| Тековна ликвидност | 1,47 | 1,45 | -1% |
| Моментална ликвидност | 1,11 | 1,02 | -7% |
| Нето обртен капитал | 345.743.361 | 358.762.440 | 4% |
| Обрт на побарувања | 4,66 | 7,47 | 60% |
| Период на наплата на побарувања | 78 | 49 | -38% |
| Период на исплата на обврски | [illegible] | 202 | -17% |
| Обрт на залихи | [illegible] | 4 | 3% |
| Просечно времетраење на врзување на средства во залихи | 106 | 103 | -3% |
| Обрт на основни средства | 5,20 | 5,88 | 13% |
| Обрт на вкупни средства | 0,73 | 0,89 | 21% |
| Вкупна задолженост | 59% | 62% | 6% |
| Долгорочна стабилност на финансирање | 295% | 275% | -7% |
| Бруто профитна маржа | 1,20% | 1,01% | -16% |
| Нето профитна маржа | 0,10% | 0,02% | -79% |
| Принос на вкупни средства | 0,07% | 0,02% | -75% |
| Принос на сопствен капитал | 0,17% | 0,05% | -72% |

Во 2022 година показателот на **тековна ликвидност** е намален за -1% а **моментна ликвидност** е намалена што укажува на потешкотии во финансиско работење на друштвото, односно неможност тековните обврски навреме да бидат подмирени.

**Нето обртниот капитал** е разлика помеѓу тековните средства на друштвото и неговите тековни обврски што треба да ги плаќа. Овој капител е зголемен како резултат на зголемените залихи и фактури кои се очекуваат да бидат наплатени во наредниот период.

**Обртот на побарувањата** е зголемен што значи дека друштвото ја зголемила својата наплата од купувачите.

**Периодот на наплата на побарувањата** – имаме намалување на период за наплата на побарување или задоволителна наплата што позитивно влијае на ликвидноста на друштвото. Периодот за наплата на побарувањата треба постојано да се следат затоа што исти се во одреден законски рок застаруваат.

Периодот на **исплата на обврските** е намален за -17% во однос на минатата година покажува дека просечно за 202 дена ги исплаќаме обврските спрема добавувачите. Друштвото во 2021 год. ги исплаќало обврските за околу 8 месеци за разлика пак во 2022 г. обврските ги исплаќа просечно за 6-7 месеци.

Показателот на **вкупната задолженост** е зголемена како резултат на зголемените тековни обврски од билансот на состојба, односно процентот на пораст на вкупните обврски е повисок од порастот на вк.средства во истиот период.

Показателот **нето профитна маржа** ни го покажува односот на нето добивката во однос на вкупните приходи што значи дека друштвото крајот на годината 2022 ја завршила со позитивен финансиски резултат од 249.402 денари.

09.03.2023

Скопје

**Претседател на Управен Одбор**

**Факом АД Скопје**

**Мартин Велковски**